
ОПШТИНА
СТРУГА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК!
ТВОЕТО МЕСТО!
ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
СТРУГА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,<br>
Христијан Мицкоски

Почитувани сограѓани,

Како носител на листата на кандидати за советници на ВМРО-ДПМНЕ во Општина Струга, со голема чест и особена одговорност ја преземам задачата да ја претставам нашата изборна програма за периодот 2025 – 2029 година. Нашиот тим е составен од луѓе со интегритет, професионалци и активни граѓани кои имаат заедничка цел – да ја вратиме Струга на патот на развојот, редот и достоинството.

Нашата програма е јасно дефиниран план со конкретни решенија за најголемите проблеми на нашата Општина: целосна реконструкција на водоводната и канализационата мрежа, современо управување со отпадот и дислокација на депонијата, изградба на нови детски градинки и центри за лица со посебни потреби, подобрување на спортската инфраструктура, катни гаражи за решавање на сообраќајниот хаос и ново пристаниште кое ќе ја зајакне туристичката понуда на Охридското Езеро. Посебен акцент ставаме на развој на локалната и регионалната патна мрежа и на создавање услови за модерно и еколошко урбано живеење.

Како советници, ќе бидеме ваш глас во Советот на Општина Струга. Ќе се бориме за пониски и правични даноци, транспарентна работа на локалната власт и почитување на секој денар на граѓаните. Нашата определба е јасна – работа, проекти и резултати, а не празни ветувања.

Ја бараме вашата доверба за заедно да ја изградиме новата слика на Струга – град со современа инфраструктура, чиста животна средина и подобар живот за секое семејство.

Време е за промени.
Време е Струга да чекори напред!

Со почит,
Коста Хиохи

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Коста Хиохи - Носител на листа
2. Мите Стефоски
3. Елисавета Кочоска Велјаноска
4. Радмила Мојсова Ѓикоска
5. Ерол Зенделоски
6. Емилија Милошеска
7. Душко Цероски
8. Ѓорѓи Шопоски
9. Цветлана Василевска
10. Бошко Куциноски
11. Илија Анѓелески
12. Билјана Ќелешоска
13. Стефан Танаскоски
14. Јована Крстаноска
15. Јован Качевски
16. Марија Јулоска Митреска
17. Даниела Клечкароска Настоска
18. Јанче Јанчески
19. Марјан Матлиоски
20. Снежана Крстаноска Попин
21. Михаела Младеноска
22. Љупчо Тасески
23. Јован Белкоски



# I. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА СТРУГА

## 1. РЕШЕНИЈА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО

Целосна реконструкција на водоводната мрежа во Општина Струга и решавање на проблемот со притисокот и квалитетот на водата за пиење во градот и во сите населени места преку доизградба на водоводната мрежа онаму каде не е завршена со претходните проекти. Реконструкцијата ќе опфати и замена на азбестните цевки.

Ќе бидат опфатени и нови извори на вода за пиење, а ќе биде инсталиран и ефикасен систем за елиминирање на силните флуктуации и управување со притисокот во водоводната мрежа во Струга и Струшко. Со инсталирање на таков систем ќе се елиминираат и многу честите падови на притисокот на вода. Ќе се работи на изнаоѓање решенија за рационално искористување на потрошувачката на вода и намалување на загубите во водоводниот систем.

## 2. КАНАЛИЗАЦИЈА

Еден од главните приоритети ќе биде изградба на канализационата мрежа во Општината, довршување на веќе започнатите проекти, проектирање и други подготвителни активности, како и изградба на канализациона мрежа во населените места кои досега не биле планирани и опфатени со досегашните проекти.

Во првата фаза ќе се работи на реализација на следните проекти:

- Довршување на започнатиот проект за секундарна канализациона мрежа во Враништа;
- Довршување на започнатиот проект за секундарна канализациона мрежа во Ложани;
- Довршување на транзитниот цевковод пречистителна станица – Ложани – Биџево – Делогожда;
- Изградба на канализациона мрежа во Драслајца и
- Довршување изградбата на канализациона мрежа во Радожда – Калишта.

## 3. ДИСЛОКАЦИЈА НА ВРЕМЕНАТА ДЕПОНИЈА – СОВРЕМЕНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Изнаоѓање на решение за дислокација на депонијата и изнаоѓање трајно решение на проблемот со отпадот, преку решенија кои подразбираат современо управување со отпадот, е од најголем приоритет за жителите на Општина Струга. Затоа новата локална власт итно ќе пристапи кон разгледување на сите можни решенија.

## 4. РЕКОНСТРУКЦИЈА ИЛИ ИЗГРАДБА НА НОВ ГРАДСКИ ПАЗАР И МИНИ-ПАЗАРИ

Поради лошата моментална состојба на градскиот пазар потребна е негова сеопфатна реконструкција или доколку постои можност за изградба на нова градба во која ќе се смести градскиот пазар. Исто така ќе се разгледаат и можностите за изградба на мини-пазари за одредени специфични видови производи.

## 5. ИЗГРАДБА НА НОВА ГРАДИНКА И ЦЕНТРИ ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.

Со изградбата на најмалку една градинка ќе почне решавањето на проблемот со згрижувањето на децата од предучилишна возраст. Во моментов во Струга над 400 деца чекаат на листата за прием во градинка и решавањето на оваа потреба е од најголема итност на граѓаните на Општина Струга. Предвидуваме и изградба или адаптација на постоечки објект за Центар за дневен престој на лица со посебни потреби.

## 6. ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА (СПОРТСКИ САЛИ, СПОРТСКИ ТЕРЕНИ, ТРИМ-ПАТЕКИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ)

Струга претставува ризница на спортски таленти и може да се гордееме со нив. За жал спортската инфраструктура не одговара на потребите на стружани. Токму поради ова наша приоритетна заложба е подобрување на спортската инфраструктура преку изградба и реконструкција на спортски сали, мултифункционални спортски терени, трим и велосипедски патеки.

## 7. ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ

Струга се соочува со сообраќаен хаос, а барањето слободно паркинг-место е сериозен предизвик, особено во летниот период. Токму затоа сметаме дека е неопходна изградба на катна гаража со капацитет од 200 возила во центарот на градот и други одржливи решенија за проблемот со паркингот.

## 8. ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАР ЗА КУЧИЊА СКИТНИЦИ

Поради големиот број на кучиња скитници кои што се наоѓаат во критични централни локации во градот, како и во близина на детски градинки и училишта, предлагаме итна изградба на стационар кој ќе ги третира и вдомува кучињата скитници.

## 9. ИЗГРАДБА НА ПРИСТАНИШТЕ

Изградба на пристаниште во водите на Охридско Езеро на предвидена локација (Машка или Женска плажа) со што ќе се овозможи подобри услови и за промоција на бродскиот сообраќај како туристичка атракција на Охридското Езеро.



# II. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Имајќи ја предвид местоположбата на градот и населените места во неа, Општина Струга ќе инвестира во неколку клучни сегменти од својот развој, а тоа ќе бидат, пред се, инвестиции во регионалната и во локалната поврзаност, преку инвестиции во регионалната и локалната патна инфраструктура, како предуслов за натамошниот развој во сите дејности. Новата локална власт во Општина Струга ќе изнајде начини и други извори на финансирање за реализација на проектите во делот на мобилноста и инфраструктурата.

## 1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

Капитални и стратешки проекти за регионално и локално поврзување кои треба да се подготват и започнат, или барем да се изготви проектна документација и други подготвителни активности, имајќи го предвид стратешкото значење на проектите, се следниве:

- Целосна реконструкција и асфалтирање на оштетените делови од регионалниот пат Струга – Дебар;
- Асфалтирање (нов слој) на регионалниот пат Струга – Ќафасан;
- Изградба на булевар од кружниот тек пред Струга до мостот на Беличка Река кај селото Враништа.
- Проект за изградба на обиколница на регионалниот пат Струга – Дебар околу селата Враништа и Велешта на потегот – „Мост на Беличка Река (пред Враништа) – Дабовјани – Кореа“ покрај течението на реката Црн Дрим со велосипедска и пешачка патека.

## 2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

Инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – како функционален и еколошки јавен превоз.

## 3. ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИ ПАТИШТА

- Поврзување на село Драслајца со село Ложани со должина од 1980 м.
- Поврзување на село Мороишта со село Драслајца со должина од 1200 м.
- Поврзување на село Мороишта со село Драслајца со должина од 850 м.
- Поврзување на село Ложани/Враништа (од Колекторот) со село Драслајца со должина од 1590 м.
- Поврзување на село Враништа со село Драслајца со должина од 1290 м.

- Поврзување на село Мислешево со село Требеништа (поврзување со соседната Општина Дебрца) со должина од 2580 м.

## 4. АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ ПАТИШТА – РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- Поврзување на село Нерези со село Јабланица со должина од 5800 м.

## 5. АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА

- Улици во с. Враништа со должина од 1203 м
- Улици во с. Мислешево со должина од 667 м
- Улици во Мислешевски Пат со должина од 5000 м
- Улици во с. Ташмаруништа со должина од 900 м
- Улици во с. Радожда со должина од 350 м
- Улици во с. Ложани со должина од 1000 м
- Улици во с. Мороишта со должина од 400 м
- Улици во с. Драслајца со должина од 624 м
- Улици во с. Лабуништа со должина од 1500 м
- Улици во с. Октиси
- Улици во с. Подгорци
- Улици во с. Бороец
- Асфалтирање на улици, изградба на тротоари и поплочување простори во градот Струга.

## 6. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТОВИ И КРУЖНИ ТЕКОВИ

- Реконструкција на „Мороишки Мост“
- Изградба на нов голем мост на реката Црн Дрим кај Враништа, со кој ќе се поврзат населените места од левата и десната страна на реката, како и индустриската зона.
- Изградба на кружен тек на регионалниот пат кај Мислешевски Пат.

## 7. ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

- Изградба на велосипедски патеки низ градот и околните населени места, со пешачки зони, Rent-a-bike (изнајмување велосипеди) систем и субвенции за купување и користење велосипеди. Двете подолги и клучни траси на велосипедските патеки кои ќе се подготват проекти и ќе се планира да бидат што поскоро изградени или комплетирани се: Калишта – Подмолје, Струга – Дабовјани (покрај реката Црн Дрим).
- Изградба на велосипедска патека на улиците „Ристо Крле“ и „ЈНА“ сè до Црвен Крст, каде би се споила со веќе постоечката.

## 8. МЕРКИ И ИНВЕСТИЦИИ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Покрај целосна регулација на јавниот превоз, ќе бидат предвидени и мерките за поддршка во насока на задоволување на еколошките стандарди на возилата. Ќе бидат подобрени и сите други инфраструктурни делови, преку обнова на постојките и опремата.

## 9. ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ

Градот Струга како туристичко место, но и како општина со големи населби кои се во нејзин состав чие население има интензивна дневна миграција населби-град и користењето на автомобили за превоз, има голема потреба од катни гаражи. Изградба на најмалку две такви гаражи со значителен капацитет за паркирање возила во центарот на градот или поширокото јадро, како и други решенија за проблемот со паркингот е насушна и итна потреба. Ова, заедно со нови современи пристапи кои ќе произлезат од опсежни сообракајни студии, треба да помогнат во решавањето на низа проблеми со кои се соочува градот во делот на сообраќајот и поврзани со транспортот на лица и стоки.

## 10. ИЗГРАДБА НА СТАЦИОНАР ЗА КУЧИЊА – СКИТНИЦИ

Проблемот со кучињата-скитници низ годинити, не само што не се решаваше, туку ескалираше до мера навистина да биде загрозена безбедноста на граѓаните поради големиот број на такви кучиња-скитници кои што се наоѓаат во критични централни локации во градот, како и во близина на детски градинки и училишта. Предлагаме итна изградба на стационар кој ќе ги вдомува кучињата скитници, но и други мерки во соработка со надлежните институции, а со цел трајно решавање на овој проблем.

## 11. ИЗГРАДБА НА ПРИСТАНИШТЕ

Изградба на Пристаниште во водите на Охридско Езеро во локација (Машка или Женска плажа) со што ќе се овозможи подобри услови и за промоција на бродскиот сообраќај како туристичка атракција на Охридското Езеро.

## 12. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ (НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ НА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ)

Еден од клучните проблеми со кои се соочува Општина Струга е проблемот со бесправното градење (дивоградбите), а особено проблемот со градбите во заштитената зона на Охридското Езеро, кое е под заштита на УНЕСКО. Оттука решавањето на овие проблеми директно влијаат на целокупниот развој на Општината, на стопанството и на севкупниот живот на граѓаните, со оглед на тоа дека ги засегаат и животните услови, еколошките и другите аспекти важни за едно современо урбано живеење.

Затоа е потребно да се донесе нов концепт за урбанизација и домување, кој ќе ги опфати овие аспекти и ќе изнајде решение за истите, но и ќе го зацрта идниот развој на

градот. Постапувањето по препораките од УНЕСКО е од највисок приоритет и идната општинска управа ќе мора да постапи по насоките на УНЕСКО и нашите државни органи во делот на дивоградбите во заштитениот езерски појас. Само со доследна и ревносна примена на законските прописи ќе се обезбеди урбан развој на Струга во насока на хумано место за живеење во кое ќе бидат зачувани природните убавини и културни особености по кои е препознатлив.



# III. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## А) ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Обезбедувањето предуслови за економски развој преку адекватни и ефикасни мерки за поддршка во рамките на ингеренциите и можностите е стратешка определба на идната општинска власт. Посветено ќе се работи на мерки, проекти кои ќе овозможат подобрување на условите за стопанисување, на олеснувања и субвенции за подобрување на бизнис-климата, за развој на одделните дејности, што на крајот ќе придонесе Општина Струга да стане побогата општина, чија задача ќе биде да придонесе во подобрување во животните услови на граѓаните и за подобар стандард.

Во сите области, во сите сфери каде Општината има надлежности, нашите настојувања се да се сообразиме со новите тенденции и барања на бизнисот, за да поттикнеме инвестиции и развој. Само со еден таков пристап може да се обезбеди сигурна иднина за граѓаните на Општина Струга.

Земајќи ги предвид бројните можности и перспективи за развој, но и загрижувачките тенденции на иселување, недостиг на квалификувани работници во одделни области, ќе се обидеме да понудиме адекватни решенија на проблемите, низ иновативни решенија за посилна логистичка, а некаде и финансиска поддршка, што ќе доведе до вработување на новите квалификувани кадри во сите дејности.

## Б) ПРОГРАМИ ЗА ДОКВАЛИФИКАЦИЈА ИЛИ ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА НА РАБОТНАТА СИЛА

Во соработка со приватниот сектор на ниво на Општина Струга, како и со компаниите кои се лоцирани во ТИРЗ – Струга – Охрид ќе се изврши стручна евалуација за потребните профили на работна сила за кои што ќе има побарувачка од нивна страна на краток и на среден рок. Таа соработка би била континуирана од година на година и ќе гради краткорочна и среднорочна стратегија.

Краткорочната стратегија ќе оди преку формирање центри за обука ќе се изврши соодветна доквалификација или преквалификација на постоечката работна сила која активно бара работа, но не ги задоволува компетенциите на понудата на работни места.

Среднорочната стратегија предвидува отворање на стручни паралелки во средните училишта во согласност со понудата на работни места која ќе преовладува во наредните 10-20 години.

## В) ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ БИЗНИС СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И ИНОВАЦИИТЕ

Општина Струга ќе обезбедува годишно од 1 % до 3 % од локалниот буџет за субвенционирање за поддршка на локалниот бизнис. Средствата ќе се доделуваат врз база на однапред определени соодветни критериуми кои ќе треба да ги задоволат барателите на овие субвенции во поглед на бизнис-планот, бројот на планирани вработени, дејноста итн. Од оваа програма ќе произлезат три мерки со субвенционирање:

### 1. Поддршка на малите и средните бизниси преку субвенционирање

Со оглед на тоа што бројката на невработени на ниво на Општина Струга е висока, постои голема можност добрата бизнис-идеја да не биде реализирана поради немање извори на почетно финансирање. Поради тоа, Општина Струга под однапред утврдени критериуми во поглед на бизнис-планот, бројот на вработени, дејноста итн. ќе субвенционира отворање на нови мали и средни бизниси.

### 2. Поддршка на иновациите на локално ниво преку субвенционирање

Иновациите се од особена важност за секој бизнис, па затоа преку соодветна програма за поддршка на иновациите на локално ниво ќе се доделуваат субвенции за да се помогне нивната реализација и со тоа директно ќе се стимулира бизнис-секторот кон прогресивен пристап за негов натамошен раст што би придонело кон поголем број на вработувања, зголемена продуктивност, повисоки плати итн.

### 3. Поддршка на производители на органска храна

Општина Струга дополнително ќе понуди поддршка на производителите на органска храна и покрај мерките за поддршка кои се предвидени во заедничките земјоделски политики на Република Македонија и на европските фондови. Целта на оваа мерка е дополнително да се стимулира искористување на површините во руралните средини и да се зголеми производството на органската храна.

Во тој дел, Општина Струга исто така редовно ќе организира семинари за стручни обуки со експерти од оваа област и ќе овозможи заинтересираните граѓани да бидат директно запознаени со сите процедури и неопходни стандарди за оваа дејност.

Имајќи предвид дека органската храна високо котира во новите светски туристички трендови, преку поддршка на нејзините производители директно се влијае врз зголемување на понудата и врз атрактивноста на селскиот туризам.

## Г) ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

На овој начин, локалната власт ќе има директна соработка со невладините организации, со месните и урбаните заедници, со граѓанските здруженија за проекти кои ќе значат директно решавање на проблемите. Целта е да се слушне гласот на оваа целна група и партнерски да се пристапи преку обезбедување на финансиски средства за реализација на важни проекти кои во моментов ѝ се потребни на Општината.

## Д) ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ

За граѓаните кои имаат намера да отворат мали и средни бизниси е од особено значење да бидат директно информирани за сите позитивни и негативни страни, како и за можностите кои им се на дофат.

Оттука, Општината ќе има посебен Центар за поддршка за отворање на малите и средните бизниси.

Неговата намена ќе биде стручно советодавна во согласност со економската демографија која ќе владее во секој момент. Преку него секој ќе има можност да биде запознаен со понудата на работна сила од аспект на нејзината квалификуваност, возраст, искуство; со можностите за насочување и за искористување на можностите за субвенционирање кои ќе бидат под општинска надлежност; со можностите за истражување и анализа со цел намалување на почетните трошоци за отпочнување на бизниси.

# Ѓ) ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ОТКУПЕН ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР ВО ОПШТИНА СТРУГА

Географската локација во која што се наоѓа Општина Струга ја оправдува изградбата на Откупен дистрибутивен центар кој нуди доста можности за локално, регионално и меѓудржавно поврзување на земјоделските и сточарските производители со потрошувачката на локално, регионално и меѓудржавно ниво.

Локалните земјоделски и сточарски производители ќе имаат полесен начин за пласман на својот асортиман на производи бидејќи откупниот дистрибутивен центар ќе биде квалитетен посредник и ќе ги поврзува со локалните, регионалните и меѓународните потрошувачи. Тоа дополнително може да придонесе кон зголемување на производството на земјоделски и сточарски производи и да влијае позитивно на продуктивноста на овој сектор. На тој начин ќе се придонесе за сериозен локален економски развој на овие две гранки.

# Е) СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ОПРЕМА И УСЛУГИ

Со цел да се стимулира развојот на земјоделската гранка и да се помогне на земјоделците од овој регион, Општина Струга ќе изврши субвенционирање за набавка на земјоделска опрема и за услуги кои ќе значат унапредување на земјоделскиот производствен процес.



# IV. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## 1. МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

Општина Струга во претстојниот период треба да посвети особено внимание и грижа за подобрување на условите за реализација на наставата во училиштата. Потребни се значителни инвестиции во инфраструктурата, како би се обезбедиле современи услови за реализација на модерен наставен процес.

Ова се само дел од позначајните потреби и проекти во таа насока:

1. Целосна реконструкција на објект на ПОУ „Гоце Делчев" во с. Јабланица. (Пискупштина: Реновирање подови и санирање ѕидови; Нерези : оградување).
2. Реконструкција на кровната конструкција и поставување на парно греење во ОУ „„Јосип Броз Тито", подрачен објект во село Радожда.
3. Реконструкција на СОУ „Ибрахим Темо"
4. Реконструкција на училиштето ООУ „Климент Охридски" во с. Драслајца.
5. Реконскtрукција на кровната конструкција и зголемување на енергетската ефикасност на објектите во ООУ „Климент Охридски" с. Драслајца заедно со подрачните училишта, со поставување на нов систем за греење.
6. Изградба на атлетска патека пред ООУ „Свети Климент Охридски" – с. Драслајца ;
7. Отворање реални компании во СОУ „Нико Нестор" и „Ибраим Темо".

Ќе поддржиме отворање реална компанија за производство на храна – печива и сè останато, бидејќи во училиштето имаме профили: пекар, готвач и келнер. Со тоа учениците праксата ќе ја одржуваат внатре во самото училиште, а 2200 ученици ќе се хранат со храна произведена од самото училиште.

Ќе бидат поттикнати спортските активности на ниво на училишта преку организација на натпревари во училишните спортски лиги.

Ќе се иницира во целиот Југозападен регион да бидат активирани училишните натпреварувања, со тоа што ќе се организираа спортски училишни лиги (пр. лига помеѓу училиштата во ракомет мажи од овој регион, кошарка жени итн.). За тоа се потребни финансии за превоз и за основни работи.

8. Опремувањето со ИТ (опрема) на сите основни и средни училишта во Општината. Училниците во сите основни и средни училишта ќе бидат опремени: LCD-проектор (фиксиран на ѕид), лаптоп во секоја училница, телевизор, т. н. смарт-табли.

## 2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ – СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

1. Систем за стипендирање на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, врз основа на јасно утврдени услови и критериуми. На овој начин ги приближуваме еднакви можности за образование до оние на кои најмногу им треба.
2. Инвестиции во наставниот кадар

Општината ќе обезбеди континуирани обуки и поддршка за наставниците преку проекти организирани од надлежните институции, но и преку учество на училиштата во меѓународни програми, твининг-проекти и размена на искуства. На тој начин ќе се воведат нови наставни практики и искуства од европските земји, со цел подобрување на квалитетот на наставата. Општината ќе помогне со сите расположливи средства за наставниот кадар целосно да се вклучи во овие активности.



# V. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 1. Дигитална инфраструктура и јавен интернет

Општина Струга ќе вложува во модерна дигитална инфраструктура како предуслов за идните процеси на дигитализација. Ќе се прошири опфатот на оптичката мрежа и ќе се овозможи бесплатно достапен јавен вајфај на централните места во населените места. Со тоа ќе се создадат услови за унапредување на јавните услуги и нивно полесно и побрзо обезбедување за граѓаните.

## 2. Паметен град (Smart City)

Паметен град претставува технолошки модерна урбана зона која користи различни видови софистицирани електронски методи, методи за активирање глас и сензори, кои собираат специфични податоци со помош на современи електронски енергетски ефикасни уреди, оптимално инсталирани на соодветни однапред испланирани локации.

Паметната технологија им овозможува на градските службеници да комуницираат директно и со заедницата и со градската инфраструктура, како и да следат што се случува во градот и како градот се развива.

Овие податоци ќе се користат за ефикасно планирање и управување со сообраќајот, транспортот, енергетските и комуналните системи, отпадот, водоснабдувањето, па дури и за откривање криминал и спречување злоупотреби во институциите. „Паметниот град“ (Smart City) ќе овозможи интеграција на информациски системи во училиштата, библиотеките и здравствените установи, со цел подобрување на услугите и квалитетот на животот. Овој концепт ќе ја зголеми интерактивната поврзаност помеѓу Општината и граѓаните и ќе овозможи навремени и брзи одговори на нивните потреби.

## 3. Дигитална општина

Во следниот период ќе се формира одделение во рамките на Општината задолжено за планирање и обезбедување средства, ресурси и инфраструктура за имплементирање на Smart City системот.

Ќе се обучи тим кој ќе ја подготви базата на податоци и информации, ќе го следи и управува системот и ќе дава предлози за оптимално решавање на проблемите на граѓаните.

Крајната цел е Општина Струга да стане целосно дигитална општина, во која сите услуги и барања ќе се примаат, обработуваат и испорачуваат брзо, ефикасно и транспарентно, во чекор со современите технологии.



# VI. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Струга со децении го носи епитетот „спортски град“, благодарение на богатата традиција, успешните клубови и бројните спортисти кои потекнуваат од овој регион. Спортот има особено културолошко и социолошко значење за граѓаните, а младите генерации ја продолжуваат таа пасија преку над 80 спортски клубови исполнети со пионери и младинци. Сепак, најголемиот предизвик останува недостигот на соодветна спортска инфраструктура и опрема, што е клучен услов за понатамошен развој. Затоа, Општината ќе го насочи фокусот кон унапредување на спортските објекти, поддршка на клубовите и поттикнување на масовното учество во спортот.

## А) СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР НАСПРОТИ РАКОМЕТНОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СТРУГА.

Спортскиот центар (комплекс) би се наоѓал на урбанистичката парцела предвидена за спортски објекти, наспроти постојните објекти на веслачкиот и кајакарскиот клуб, во продолжение кон запад до извидничкото друштво „Крсте Јон“, и кон исток до „Женска плажа“.

На самиот полуостров ќе бидат сместени простории и инфраструктура за симулации на веслање и кајак (Кинли-систем), како и аматерски клуб за водени спортови, согласно максимата „спорт за сите“, каде што ќе можат да тренираат и рекреативци. Веднаш до нив кон запад, на околу 2000 м2, ќе биде сместена отворена вежбална (теретана), во продолжение ќе бидат изградени две тениски игралишта од левата страна на пешачката патека, а од десната кон југ (меѓу пешачката патека и езерото) скејт-парк со соодветна скејт- и блејд-инфраструктура. Јужно од постојните објекти на СОФК-а, меѓу отвореното ракометно игралиште и езерото ќе биде сместено отвореното игралиште за ракомет на песок со соодветна трибина од јужната страна.

Изградбата на спортскиот центар предвидува реновирање и проширување на постојните простории на веслачкиот и кајакарскиот клуб каде ќе биде сместена и академијата за пловни спортови.

### 2. ЦЕНТАР (АКАДЕМИЈА) ЗА ПЛОВНИ СПОРТОВИ

Формирањето на истражувачки центар преку кој ќе се координираат сите пловни спортови во градот Струга, ќе се изготвуваат соодветни програми за тренинг, ќе се

следи напредокот на спортистите, ќе се вршат стручни истражувања за сите пловни спортови од градот претставени од кајакот, кануто, веслањето и едрењето.

Перспективно изградба на база за подготовка на репрезентативци. Основањето на центарот подразбира и изградба на нова инфраструктура за сите пловни спортови (веслање, кајак, кану и едрење), нови хангари, фитнес центри и опрема.

Неопходноста за изградба на ваков центар (академија) е навистина голема, бидејќи во Општината функционираат четири спортски субјекти чија основна дејност е пловењето, некои од нив со традиција од речиси деведесет години, а меѓу нив е и најтрофејниот спортски клуб во Општината.

Од друга страна, местоположбата на градот дозволува и формирање на нови спортски субјекти кои ќе ги практикуваат новонастанатите пловни дисциплини што на светско ниво наидуваат на голем интерес и се официјализираат од светските спортски федерации и од Меѓународниот олимписки комитет.

Центарот (академијата) ќе ги опфати постојните спортови: едрење, веслање, кајак и кану, а од останатите кои на светско ниво доживуваат брз развој и експанзија ќе се вклучат уште: СУП-веслање, брежно веслање (Costal rowing), сплаварење.

## 3. ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ЗА РАКОМЕТ, ОДБОЈКА И ФУДБАЛ НА ПЕСОК

## 4. ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ

## 5. ИЗГРАДБА НА НЕКОЛКУ КОШАРКАРСКИ ИГРАЛИШТА (STREET BASKET) ВО ГРАДОТ И ВО СЕЛАТА

## 6. ИЗГРАДБА НА ФИТНЕС-ЗОНИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ

## 7. РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Во с. Мороишта (во склоп на училиштето), во с. Драслајца (на сретсело), с. Враништа (на сретсело), с. Ложани, с. Мислешево, населба „езерски лозја“ и други места, како и реконструкција на терените за фудбал и придружните објекти во с. Мислешево, с. Ложани, с. Враништа.

## 8. ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ-ПАРК

Лоцирање и уредување на скејт-парк за обавување на скејтерски (скејтборд) и блејдерски (ролерки) активности, како и соодветни платформи (ѕидови) за графити и цртежи преку кои ќе се изразуваат младите припадници на оваа супкултура.

### 9. ПОДДРШКА НА ИЗГРАДБАТА НА ПЛАНИНАРСКИ ДОМ НА КАРАОРМАН

Изградба на планинарскиот дом во Малесија на планината Караорман е проект кој ќе придонесе во зголемување на атрактивноста на овој преубав крај, истовремено збогатувајќи ја понудата од спортски објекти, но ќе биде и значаен придонес во функција на развојот на руралниот и на планинскиот туризам.

### 10. БЕЛЕЖЕЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА 6 ПЛАНИНАРСКИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ РУТИ НА ПЛАНИНАТА ЈАБЛАНИЦА

Бележење на најпопуларните и најкористените планинарски и велосипедски патеки на планината Јабланица и тоа:

- Планинарска рута Црн Камен;
- Планинарска рута Стрижак;
- Планинарска рута Чумин Врв;
- Велосипедска рута Бела ди супра;
- Велосипедска рута Лабунишки Бачила и
- Велосипедска рута Струшко Поле.

## Б) ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ, ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРУВАЊА, АКТИВНОСТИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Општина Струга ќе изработи стратегија за поддршка на локалните спортски клубови во сите спортови, при што ќе биде востановена програма за поддршка на клубовите, на натпреварувањата и на спортските активности во насока на развој на спортот во Општината.

Врз основа на прецизни мерила и критериуми ќе биде поддржан спортот заедно со сите спортски субјекти, со цел поголема вклученост на населението во спортските активности и постигнување на што позначајни спортски резултати. Ќе се востанови и систем за поддршка на младите спортски надежи, но и наградување за спортските резултати на сите други. Поддршка особено во училишниот спорт.

Покрај ова, ќе бидат поддржани и најразновидни натпреварувања и ревијални спортски активности во најразновидни спортови и со вклученост на најразлични учесници, како на пример:

## 1. ПОДДРШКА НА КАЈАКАРСКИОТ МАРАТОН „ВЕСЛАМЕ ЗА РЕТКИТЕ“

Кајакарскиот маратон „Весламе за ретките“ е спортски настан кој се реализира по течение на реката Црн Дрим во должина од 19 км и се реализира во чест на лицата со ретки болести.

## 2. ПОДДРШКА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА МЛАДИНСКИ РАКОМЕТЕН ТУРНИР ВО РАКОМЕТ НА ПЕСОК (МАЖИ И ЖЕНИ)

Струга како ракометен град во кој функционираат три ракометни клубови во машка и еден во женска конкуренција има огромен потенцијал за развој и промоција на овој атрактивен начин на практикување на традиционалниот ракомет. Уште повеќе што надвор од ракометното игралиште каде што се одржува традиционалниот струшки ракометен турнир, постои започнато игралиште за ракомет на песок.

## 3. ПОДДРШКА НА ЖЕНСКИ МЕЃУНАРОДЕН КОШАРКАРСКИ ТУРНИР

Тридневен кошаркарски турнир во женска конкуренција со кошаркарски екипи од соседните земји.

## 4. ПОДДРШКА НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛЕН ЏУДО СЕМИНАР

Традиционален џудо семинар со меѓународно натпреварување

## 5. ТРИАТЛОН НАТПРЕВАР ЗА СПОРТИСТИ И АМАТЕРИ

Натпревар во триатлон за професионални спортисти по стандардизираните прописи на светската федерација и натпревар за аматери во скратени дистанци на натпреварување.

## 6. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТУРНИР ВО Е-СПОРТ

Организирање на натпревар во е-спорт од најпопуларните електронски игри меѓу младите стружани. Прв од ваков вид.

## 7. ПОДДРШКА НА СТРУШКИОТ РАКОМЕНТЕН ТУРНИР, ВЕСЛАЧКИОТ „СТРУГА ОПЕН“, БАЛКАНИЈАДИТЕ И НА ДРУГИ ЗНАЧАЈНИ ТУРНИРИ ВО ПОВЕЌЕ СПОРТОВИ



# VII. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина во Струшкиот регион ќе биде еден од врвните приоритети на новата локална власт. Затоа нашите заложби ќе бидат во правец на изградба на институционалните капацитети на Општината за справување со сите предизвици и проблеми кои ги носи современиот контекст на функционирање на општините, постигнување што поголема ефикасност и ефективност во решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, поголема координација со другите власти, имплементација на законските обврски, но и на добрите светски пракси.

Со формирањето на секторот за животна средина ќе се обезбеди таа координација и ефикасност во решавањето на проблемите поврзани со животната средина. Преку овој нов сектор ќе се реализираат нашите заложби за воведување и имплементација на концептот за зелена и чиста општина (зелена архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку современо управување со отпадот и материјалите, целосен третман на отпадните води). Ќе се обезбеди поголема ефикасност во делот на планирањето, проектното управување, но и во делот на надзорот, како суштински елемент на заштитата.

Проекти и мерки планирани за реализација во насока на заштита на животната средина:

## ➤ 1. СОВРЕМЕНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ;

Во ситуација кога Општина Струга се соочува со двоен проблем, а тоа е од една страна времената дива депонија сместена во плодното струшко поле, која е најголем загадувач на воздухот, почвата и подземните води во целиот струшки регион, а од друга страна потребата од системско решавање на проблемот со отпадот, пред нас, како идна локална власт, стојат неколку можности за решенија.

Општина Струга ќе работи на изградба на регионална депонија, која ќе биде трајно и системско решение за управување со отпадот во Југозападниот Регион, поставена по сите светски стандарди и без ризик за загадување на животната средина. Овој проект ќе придонесе за целосно надминување на проблемот со отпадот и значително ќе ја подобри еколошката слика на регионот.

Во рамките на истата иницијатива предвидуваме производство на топлинска и електрична енергија од отпад, со што ќе се добие двоен ефект – намалување на отпадот и користење на обновливи извори на енергија. На тој начин отпадот ќе се претвори во ресурс за одржлив развој и енергетска ефикасност.

Посебно внимание ќе се посвети на расчистување на дивите депонии околу градот и населените места, со што ќе се подобри јавната чистота и ќе се заштитат земјоделските површини и подземните води. Овој проект ќе се реализира во соработка со надлежните институции и локалното население.

До наоѓањето трајно решение, ќе се работи на привремено решавање на отпадот преку претоварна или времена депонија, која ќе овозможи безбедно и контролирано одлагање на отпадот. Ова е неопходен чекор за да се спречат понатамошни еколошки штети и ризици за здравјето на граѓаните.

Покрај тоа, ќе се вложи во современо управување со отпадот, со примена на добри светски практики и технологии за селекција, рециклирање и обработка на отпад. На овој начин ќе се воспостави одржлив систем кој ќе обезбеди долгорочна заштита на животната средина и подобар квалитет на живот за сите граѓани.

## 2. НАДГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ВРАНИШТА И ПРОШИРУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ЗА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО;

Проектот ќе овозможи надградба на постојната пречистителна станица за отпадни води во Враништа и ќе помогне да се прошири канализациониот систем за собирање на отпадни води околу Охридското Езеро, и тоа од населените места Калишта, Радожда, Вевчани, Октиси, Долна Белица, дел од Велешта како и други населени места.

Овој проект ќе придонесе за зголемување на капацитетот за прочистување на отпадни води и поефикасна работа на постојната пречистителна станица, со што ќе се овозможи поинтегрална заштита на Охридското Езеро.

Во претходниот мандат на владата на ВМРО-ДПМНЕ подготвена е проектна документација за надградба на пречистителна станица за отпадни води во Враништа, проширување на колекторскиот систем за Охридското Езеро и одвојување на фекална и атмосферска канализација за градовите Охрид и Струга.

Овој проект не може да се реализира како локален проект, туку од буџетот на Влада на Р. Македонија и има регионално значење. Претходно веќе беа планирани 9,1 милиони евра од ЕУ/ИПА 2 Програмата и беше обезбедено кофинансирање од Буџетот на РМ, но истиот не е реализиран.

## 3. РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН;

Со цел интегрална заштита на водите во Охридското Езеро, потребно е да се изврши рехабилитација и докомплетирање на колекторскиот систем во Охрид и во Струга. Во периодот на владата на ВМРО-ДПМНЕ изготвена е студија на изводливост од страна на јапонски и македонски експерти и утврдени се приоритетни активности.

Во согласност со утврдената динамика на приоритетност, во наредниот период ќе се преземат активности за изградба на резервоар за првично собирање на отпадните води на брегот на езерото и ќе се создадат услови за почеток на санација на првичните 31 км од канализационата мрежа на примарниот колекторски систем, воведувајќи нова јапонска технологија за рехабилитација на канализационата мрежа (без ископ).

Вкупната проценета вредност за целосна реализација на проектот е околу 50 милиони евра и истиот ќе се спроведува во неколку одделни фази, а во наредните години ќе се реализира првата фаза од проектот.

## 4. ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ-СТАНИЦА ВО СТРУГА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ;

## 5. ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР ПО ПАТЕКИТЕ ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ПАЛЕЊЕ НА ТРСКАТА;

## 6. ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА СТРУГА;

## 7. ЧИСТЕЊЕ НА НАНОСЕН МАТЕРИЈАЛ ОД РЕКИТЕ САТЕСКА И ЦРН ДРИМ, КАКО И РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА ОДВОДНИТЕ КАНАЛИ НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНАТА;

## 8. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Во согласност со новите тенденции за заштита на животната средина и користење на нови алтернативни обновливи извори на енергија, како и рационално и ефикасно користење на енергијата, ќе биде формирано посебно одделение во рамките на секторот за животна средина на Општина Струга за управување со развојни проекти од областа на енергетиката.

Одделението ќе има задача да започне соработка со заедниците на станари на колективни станбени згради (КСЗ) на кои ќе им се даде можност да изберат: реконструкција на нивната фасада со нова енергетски ефикасна, реконструкција на поткровјето, замена и поставување на нови ПВЦ надворешни прозори и врати, смарт-системи за ефикасно користење на заедничката електрична енергија, инвестирање во изградба на ФВ електрична централа за производство на електрична енергија итн.

Општина Струга ќе одобри фонд за енергетска ефикасност преку кој ќе субвенционира 20 % при секој зафат, а дополнително ќе даде помош во искористување до 20 % на грантовите кои ги доделува ЕБОР за инвестирање во енергетски ефикасни проекти. Одделението ќе има задача до граѓаните да дистрибуира флаери, брошури и друг информативен материјал за подигнување на свеста на граѓаните за придобивките од инвестирање во енергетски ефикасни проекти.

## 9. ГАСИФИКАЦИЈА;

- Изградба на централна гасна станица, индустриско редукциска и градско-обласна редукциска гасна станица за потребите на Општина Струга.
- Изградба на индустриски и градски гасен цевковод за транспорт на гасот до индустриските објекти, градските институции, објектите од јавен карактер и до домаќинствата.
- Изградба на секундарна гасна инсталација со приклучни станици и доводи за приклучок до секој потрошувач (индустриски објекти, институции, јавни објекти и домаќинства).

## 10. ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СОЛАРНАТА ЕНЕРГИЈА

- Изградба на смарт-соларни енергетски ефикасни клупи во „Паркот на поезијата" во Струга, со приклучоци за полнење на мобилни уреди и бесплатен вајфај интернет.
- Изградба на смарт-соларни енергетско ефикасни клупи во Паркот пред градската машка плажа во Струга, со приклучоци за полнење на мобилни уреди и бесплатен вајфај интернет.

## Изградба на хибриден фотоволтаичен (ФВ) систем на кровот од училиштата и градинките за производство на топла санитарна вода и производство на електрична енергија за нивни потреби.

Реализацијата на овие проекти е планирано да се изведува преку искористување на грантови од ЕБРД до 20 % и преку субвенционирање од државата до 20 % од вкупните трошоци. Вакви проекти се планирани за следните училишта и градинки: ООУ „Ј.Б. Тито – Струга", ООУ „Св. Климент Охридски" – Драслајца, СОУ „Ибрахим Темо" – Струга и ООУ во с. Радожда (и замена на кровот).

## 11. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ

Општина Струга ќе инвестира во реконструкција и енергетски ефикасни фасади, замена на надворешни врати и прозорци со ПВЦ, замена на кровови на неколку значајни објекти, пред сè, на училишта, градинки итн. Во следниот четиригодишен период со вакви реконструкции ќе бидат опфатени повеќе објекти за кои веднаш ќе се подготват проекти.

## 12. ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД БИОМАСА

Ќе биде изработен проект и ќе бидат разгледани сите можности околу изградба на електрична централа на био-маса за производство на електрична и топлинска енергија преку јавно приватно партнерство со комуналното претпријатие на Општина Струга и Шумското стопанство од каде ќе се собира дрвната отпадна маса од сечата и остатоците од житните култури во рамките на Општината, кои ќе се употребуваат како био-гориво.



# VIII. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## А) МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Туризмот е една од основните дејности во Општина Струга, оттука и посебниот третман кој треба да го има во рамките на планирањата на идниот развој на целиот овој регион. Прашањето на развојот на туризмот е поврзан, од една страна и со проблемите во урбанизмот на крајбрежјето на Охридското Езеро и неговата заштита, од друга страна со предусловите за развој кој треба да ги создаде локалната и централната власт, а кое е поврзано и со самиот концепт на туризмот и туристичката понуда.

Земајќи го туризмот како дејност со голем, и досега неискористен, потенцијал, ќе се работи на изготвување сеопфатна стратегија за развој на туризмот која ќе ги опфати сите концепти – од хотелски и приватни сместувачки капацитети, спортски, рурален и културен туризам, па сѐ до изградба на туристички зони и нови рекреативни инфраструктурни содржини. Оваа стратегија ќе има цел туризмот да се одвива преку целата година, а не само во летната сезона, и ќе се базира на најдобрите светски искуства и успешни практики во соработка со Агенцијата за туризам.

Посебен акцент ќе биде ставен на промоција на туристичката понуда на Струга, преку презентација на светските туристички берзи и саеми, како и промоција на културните, природните, спортските и гастрономските потенцијали. Во таа насока ќе се обезбеди и поддршка за проекти што ќе ја зајакнат туристичката препознатливост на Општината.

Исто така, ќе се вложува во решавање на инфраструктурните предизвици и туристичката сигнализација, со што ќе се подобри ориентацијата и доживувањето на туристите. Наплатената туристичка такса ќе се пренамени директно за подобрување на туристичките услуги и содржини.

Како дел од модернизацијата, ќе се формираат општински туристички бироа и електронска апликација со информации за културните, историските и природните знаменитости на Струга, достапни на повеќе светски јазици. Овие алатки ќе овозможат подобра промоција и полесен пристап до туристичката понуда за сите посетители.

# Б) ПРОЕКТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАЗУБАВУВАЊЕ НА ГРАДОТ И СЕЛАТА

Овие проекти, покрај тоа што значат подобрување на животот на граѓаните, го уредуваат јавниот простор, го разубавуаат градот и селата, тие се и предуслов за развој на туризмот, зашто придонесуваат во целокупната слика на градот.

## 1. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КЕЈОВИТЕ ВО СТРУГА ОД ДВЕТЕ СТРАНИ НА РЕКАТА ЦРН ДРИМ (ОД ХОТЕЛ „БЕЛГРАД“ ДО МОСТОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ);

Овој дел од градот треба да го добие ликот на добро уреден јавен простор, еден од највпечатливите белези на градот, кој не е соодветно решен. Кејовите треба да се реконструираат, а во делот од мостот на браната до мостот на регионалниот пат и да се изградат и опремат со современо осветлување и друга урбана опрема. Кејовите треба да бидат реконструирани и да бидат погодни како шеталишта за лица со оштетен вид (да се изградат соодветни патеки на истите).

## 2. УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ;

Подобрувањето на уличното осветлување, покрај тоа што е нужна потреба на граѓаните, придонесува и во општата слика за една современа туристичка локација. Во градот Струга и населените места сè уште има бројни неосветлени улици. Особено внимание ќе се посвети на осветлувањето на атрактивните локации, шеталишта, кејови и други јавни површини, кои треба соодветно да бидат осветлени

## 3. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТЕКАТА ДО С. КАЛИШТА;

Во рамки на патеката до с. Калишта потребно е да се изврши соодветна реконструкција на еден дел од истата, а во исто време да се постават канделабри кои ќе обезбедат осветлување по целата патека, како и поставување на смарт-клупи на кои ќе се има пристап до електрична енергија и бесплатен интернет. Целта е оваа патека да стане атрактивно место за рекреација за сите возрасти.

## 4. ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА И ЗАБАВНИ ПАРКОВИ;

Не само што детските игралишта и забавните паркови се насушна потреба за најмладите генерации жители на Општината, тие исто така се важни од аспект на туризмот во делот на понудата на можности за сите категории посетители. Идната локална управа ќе изгради неколку такви во разни делови од градот и селата, но ќе предвиди и можности за изградба на забавни паркови.

### 5. ПАРКОВИ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ;

Општината особено ќе води грижа за одржување на постоечките паркови, уредување на нови, како и хортикултурно уредување на целиот град.

### 6. УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА НА СЕЛАТА, ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ КЛУПИ, СООДВЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ;

### 7. УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА НА РЕКИТЕ КОИ ПОМИНУВААТ НИЗ НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА СТРУГА;

## Г) ПРОЕКТИ И МЕРКИ ЗА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ;

### 8. ФОНД ЗА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ – СО КОЈ ЌЕ СЕ СУБВЕНЦИОНИРААТ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ И МЕРКИ ЗА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ;

Овој фонд за рурален туризам би се реализирал преку соодветна програма за рурален туризам на ниво на Општината. Средствата во него ќе се обезбедуваат од повеќе извори: буџетот, активно учество со проекти од фондовите на ЕУ, средства од централниот буџет на РМ, активно барање на наменски донации од странство, како и отворање на сметка за донации од наши физички и правни лица кои за нивните донации би добиле некакво ослободување од локалните давачки во иднина (локални даноци и такси, фирмарина...)

Дел од мерките кои би биле поддржани од овој фонд во продолжеток.

### 9. МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СЕЛАТА;

Со оглед на тоа што руралните средини во одредени региони на Општината се во најголем дел иселени, сметаме дека со ваква мерка треба да се поттикне населението кон враќање во селата. Од оваа мерка произлегуваат низа проекти кои се меѓусебно зависни за реално реализирање на ова мерка:

- Обезбедување на квалитетна инфраструктура (првенствено патна затоа што голем дел од населението во селата има проблем со патната инфраструктура, а потоа обезбедување на реални услови за живот со изведба на водовод и канализација, постојан доток на електрична енергија);
- Еднократно или месечно субвенционирање на лица што ќе се вратат в село;

- Субвенционирање на лица што ќе се вратат в село, а ќе се занимаваат со земјоделство;
- Субвенционирање на лица што ќе се вратат в село, а ќе се занимаваат со рурален туризам;
- Субвенционирање на лица што ќе се вратат в село и ќе инвестираат во производство и ќе вработуваат други лица;
- Субвенционирање на јавниот превоз до селата со тоа што би се обезбедиле поголем број на редовни линии за превоз.

# Д) МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИИ И ПОМОШ ПРИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АВТЕНТИЧНИ АРХИТЕКТОНСКИ ГРАДБИ КОИ СЕ ПРЕНАМЕНУВААТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ ВО РУРАЛНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОПШТИНАТА СО ПОМАЛКУ НАСЕЛЕНИЕ.

## 10. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ НА „СТАРА СТРУГА“ ПРЕКУ РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СТАРИ ОБЈЕКТИ

И покрај тоа што со текот на годините многу од куќите изградени во стилот на старата градска архитектура, а кои беа под заштита, беа реконструирани без да се почитуваат прописите и насоките од надлежните институции, сепак,

Општина Струга ќе се погрижи да се зачува колку што е можно повеќе од тој стар автентичен изглед на Струга во одредени делови од старото градско јадро и тие објекти ќе бидат презентирани како дел од туристичката промоција. Ќе се разгледаат сите можности за претворање на дел од нив во спомен-куќи или на друг начин да се претворат во јавни простори.

# IX. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Културата е неодвоив белег од Струга. Низ вековите тука се напластиле културни слоеви кои во современиот миг треба ги негуваме и соодветно да ги презентираме. Творците од Струга и Струшко се во темелите на македонската култура воопшто, зашто оттука се и некои од најзначајните творци кои со своето творештво оставиле траен белег: Константин Миладинов - основоположникот на македонската поезија, од Струшко е и основоположникот на македонската драма Војдан Чернодрински, првиот филмски сценарист Арсениј Јовков, еден од основоположниците на современата македонска ликовна уметност Вангел Коџоман итн.

Струга во секој аспект може да биде согледан како град на културата, имајќи ги предвид бројните манифестации од интернационален, регионален и локален карактер кои се одржуваат тука: Струшки вечери на поезијата, Струшка музичка есен, Ревијата на народни носии, бројни настани на фолклорни друштва на кои традиционално настапуваат гости од регионот и од Европа, нови фестивали со хибриден карактер за претставување на театарската и на филмската уметност итн. Идната локална власт ќе работи на создавање предуслови на интензивни културни активности, поддршка на институциите, организациите и творците.

## А) СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУГА И НИВНА ПОДДРШКА

Кога се согледува културата во Струга, секогаш треба да се има предвид дека некои од манифестациите, како на пример, Струшките вечери на поезијата, дури и му го дале карактерот на градот, заради што Струга со право е наречена светска поетска престолнина. Сите овие настани, манифестации и институции заслужуваат систематска финансиска поддршка од Општина Струга, олеснувања од најразлична природа, од обезбедување и уредување на сценски простор, изградба на постојани сцени и простори за одржување на активностите, до поддршка преку најразновидни олеснувања во дејствувањето на субјектите кои ги организираат, поддршка во промотивните активности, во тој контекст и како дел на културната понуда, како дел од туристичката понуда на градот и на Општината во целост.

Независно што некои од институциите се национални, на пример, Струшките вече-

ри на поезијата, Центарот за култура „Браќа Миладиновци", НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински" и се под надлежност на Министерството за култура, сепак, потребно е воспоставување интензивна соработка и изнаоѓање на бројни начини за нивна поддршка, зашто тие ги реализираат своите активности на подрачјето на Општина Струга и се главни чинители на културниот живот тука.

## Б) ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА

Главните пунктови на нашето дејствување на полето на културата ќе биде негување на културата и културното наследство, преку поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура. Со цел ефикасна реализација на планираната поддршка, ќе биде востановена програма за поддршка на културата во Општина Струга, за чие спроведување одговорно ќе биде новото засебно Одделение за култура.

Програмата ќе понуди осмислен систем на поддршка на живата култура, на културните проекти и на творците, на манифестациите, друштвата и на сите партиципиенти во културата на подрачјето на Општината. Таа треба да овозможи праведна распределба на средствата за поддршка преку годишни конкурси и други начини, преку што ќе се обезбеди стратешки планиран развој на културата од секој аспект, од страна на творците, институциите и сите креатори на културни производи, до зголемување на публиката и достапност до културата на што поголем дел од населението и од различните интересни групи. Во рамките на програмата, а врз основа на естетски мерила и критериуми, категоризација и значење, ќе бидат поддржани проекти од културата значајни за културниот живот во Општина Струга, но и од пошироко регионално, национално и интернационално значење.

Имајќи го предвид фактот дека најважните културни институции се национални и како такви во надлежност на централната власт, голем дел од потребните инфраструктурни проекти нужно мора да бидат реализирани во соработка на локалната и централната власт. Со промената на власта и на локално и на централно ниво ќе се создадат предуслови за реализација на бројни проекти што ќе овозможат соодветна заштита и презентација на културното наследство на просторот на Општина Струга, ќе овозможат адекватни услови за бројни културни активности на постојните културни институции, оператори и творци, како и поттик на развојот на нови културни субјекти, создавање нови културни простори (спомен-куќи, роднокрајни музеи 'поставки'), создавање нови институции, поддршка на независната културна сцена, на креативните индустрии итн.

# В) ИНФРАСТРУКТУРА ЗА КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

## 1. „КУЛТУРЕН КВАРТ“

Идејата за културен кварт подразбира преуредување на целокупниот простор (од Мостот на поезијата до Дрвениот мост, Паркот на поезијата, Центарот за култура „Браќа Миладиновци“, старото училиште „Браќа Миладиновци“, двете бараки кои се од Министерството за култура, а на чие место би се изградил Меѓународниот поетски центар“, зградата на „Радничка школа“ (објект под заштита), со цел сите објекти и површини да бидат ставени во функција на културата, организација на настани, презентација на културно наследство итн., со што градот ќе ги зголеми културната понуда и можностите за развој на културен туризам.

Културниот кварт ќе претставува концентрација на културни институции и објекти за реализирање на разновидни културни активности, од објекти за презентација на културното наследство (музејско-галериски објект), до објекти за реализација на разни културни активности (книжевност, театар, филм, музичко-сценски настани и др.).

Покрај постојните објекти, Центарот за култура ќе опфаќа и адаптација на други постојни објекти, како адаптација на старото училиште „Браќа Миладиновци“ во музеј на град Струга, и изградба на нови објекти на местото на бараките во надлежност на Министерството за култура, каде ќе биде изграден мултуфункционален објект за потребите на Меѓународниот поетски центар (Куќа на поезијата), мала сцена на просторот на сегашната Летна сцена на Центарот за култура, изградба на нова летна сцена пред Центарот за култура и просторот пред старото училиште (иден музеј), реконструкција на Паркот на поезијата во согласност со утврдениот проект.

## 2. МЕЃУНАРОДЕН ПОЕТСКИ ЦЕНТАР (Куќа на поезијата) – во соработка со Министерство за култура и туризам

Меѓународниот поетски центар (Куќа на поезијата) е проширување и надградување на дејноста на Струшките вечери на поезија и во насока на развој на активности што ќе придонесат Струга да остане светска поетска престолнина во која постојано ќе се организираат активности во насока на промоција и афирмација на светското поетско творештво, истражувачки и други активности поврзани со него.

За потребите на ова е потребно да се изгради мултифункционален простор. Меѓународниот поетски центар (Куќата на поезијата) ќе се состои од музеј на поезијата, архив на поезијата и меѓународна поетска библиотека.

### 3. ИЗГРАДБА НА МАЛА СЦЕНА ВО РАМКИТЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА – во соработка со Министерство за култура и туризам

Проектот опфаќа изградба на мала сцена – театарска/мултифункционална сала со најмногу 200 седишта од другата страна на големата сцена од Домот на културата, на просторот каде сега се наоѓа т.н. Летна сцена. Истиот би опфатил и изградба на современа галерија, односно мултифункционална просторија (книжевно-ликовен салон) на приземјето на страната на улицата „Пролетерски бригади“.

Со малата сцена ќе се добие нов функционален простор кој ќе ги надмине недостатоците на големата сала со околу 700 седишта, која единствено се користи за неколку големи културни и други настани, но е преголема и за другите културни настани, како театарски престави, филмски проекции, литературни и др. настани.

Изградбата на оваа сала ќе овозможи и во есенските, зимските и пролетните месеци во Струга да можат да се одржуваат културни настани, кои заради неекономичност поврзана со греењето и функционалноста на просторот, не можат да бидат реализирани во постојниот објект.

### 4. ИЗГРАДБА НА НОВА ЛЕТНА СЦЕНА – во соработка со Министерството за култура и туризам

На просторот пред старото училиште и Центарот за култура да биде изградена постојана сцена за разни настани и манифестации во текот на летниот период, од манифестацијата Струшки вечери на поезијата до разни концерти, хепенинзи итн.

### 5. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОТ НА ПОЕЗИЈАТА – во соработка со Министерството за култура и туризам

Во соработката со Министерството за култура и туризам ќе се реализира веќе подготвениот проект за реконструкција на Паркот на поезијата. Истиот може да биде дополнет и надграден.

### 6. „ПО ТЕЧЕНИЕТО НА ДРИМ НИЗ ПРАИСТОРИЈАТА“

По течение на Дрим до Враништа ќе се постават инфо-табли изработени и со брајово писмо кои ќе одбележат неколку локации, на пр. истекот на Дрим, (кај Мостот на поезијата), па кај Далјан за јагулите, и кај Враништа музејот и наколното живеалиште.

### 7. МЕРКИ И ПРОЕКТИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПРИРОДНОТО И ЗА КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО, ЗА МАТЕРИЈАЛНОТО И ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО НА РЕГИОНОТ

Предавања, инфо-терминали, преку едукативни работилници за деца и возрасни (комбинација на образованието и спортот), хепенинзи и други начини на подигање на свеста кај локалното население и кај посетителите.

## 8. РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА СИТЕ КУЛТУРНИ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА

Ќе се развие проект за реконструкција и постојано одржување на сите споменици и спомен-обележја од Илинден (во Драслајца, Ложани, Ташмаруништа итн.), спомениците и спомен-обележјата од Народноослободителната војна и други спомен-бисти на значајни личности.

## 9. ПОДДРШКА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ДРУШТВА, РЕВИЈАТА НА НАРОДНИ НОСИИ, НА АНСАМБЛИ И ДРУГИ ПРОЕКТИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ФОЛКЛОРНАТА ТРАДИЦИЈА, ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ И СЛ.

## 10. РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОБНОВА НА ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО СЕЛАТА ВО ОПШТИНА СТРУГА

Преку проекти што ќе ја задржат основната нивна функција за организирање на културни активности, овие домови на културата изградени во минатото, а кои денеска се руинирани и надвор од употреба, ќе се овозможи да се возобноват во населените места каде што се наоѓаат, заедно со активностите на фолклорните групи, да се отворат подрачни библиотеки, да бидат во функција на други културни и социјални активности.

За реконструкција и ревитализација може да бидат побарани и грантови од ЕУ проекти. Општината ќе ги заврши сите подготвителни работи за тоа, а во зависност од можностите, ќе бидат и реконструирани.



# X. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

За најранливите групи на граѓани на Општина Струга ќе создадеме механизми за препознавање на нивните специфични проблеми и ќе обезбедиме социјални услуги кои ќе ја подобрат нивната социјална сигурност. Нашата цел е да се создаде функционален систем за социјална заштита.

- Во насока на остварување на споменатата цел нашата главна заложба и дејствување ќе биде во насока на збогатување на мрежата на социјални установи во Општината, преку анализа на потребите од отворање на центри за дневно згрижување на различни категории корисници. Во следниот период (еден дел и со помош на Владата на Република Македонија) ќе бидат реализирани бројни проекти и преземени следните мерки:
- Ќе се отвори дневен центар за лица кои употребуваат дрога и други психотропни супстанции.
- Ќе се отвори дневен центар за лица со аутизам.
- Мерки за помош при вклучувањето на деца/лица со интелектуална попреченост во редовните паралелки заедно со нивните врсници, во зависност од нивните способности и можности, во согласност со наод и мислење од верифицирана комисија за распоредување.
- Изработка на индивидуални образовни програми за децата со посебни образовни потреби со поддршка од страна на стручен тим (дефектолог, социјален работник, психолог и педагог), во соработка со родителите.
- Ќе бидат вработени дефектолози, социјални работнци и психолози во училиштата, како дел од стручниот тим со цел пружање на континуирана стручна помош.
- Советодавна поддршка на лицата со интелектуална попреченост и на нивните семејства преку информација, едукација и обука.
- Ќе се обезбеди професионално, работно ориентирање и оспособување на лицата со посебни образовни потреби во основните училишта.
- Ќе бидат изградени пристапни рампи за инвалидизирани лица до сите јавни објекти.
- Интензивно ќе се работи на вклучување на деца од ранливи групи и деца чии семејства се корисници на гарантирана минимална помош во јавните предучилишни установи (детски градинки).
- Ќе се отвори СОС линија за жртви на семејно насилство.

- Ќе се работи на уредување на Центар за прифаќање на жртви на семејно насилство, обезбедување на привремен простор (објект, кадар, опрема, финансии) во соработка со невладиниот сектор.
- Ќе се работи на мерки и решенија за децата на улица кои питачат.
- Ќе бидат реализирани превентивни програми за спречување на семејно насилство, како и за користењето на дрога.
- Ќе се востановат и постојано ќе се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми со девијантно однесување.
- Ќе се зајакне стручната, советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со различни категории проблеми.
- Ќе се работи на тоа да се збогати мрежата на социјални услуги за стари лица, и ќе се разгледаат можностите за отворање Дневен центар и сервиси за помош во домашни услови.
- Ќе се промовираат програми за вработување на корисници на социјална заштита.
- Ќе се воведат мерки за обука, преквалификација и доквалификација во областите на дефицитарните занимања во Општината.

Најважните проекти во функција на остварување на споменатите предлози за општина Струга во следниот период ќе бидат:

## 1. ИЗГРАДБА НА НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Во изминатиов период повеќе од евидентна е потребата од згрижување на децата од претшколска возраст преку изградба на нова градинка во Општина Струга, бидејќи повеќе од 400 деца не се примени во воспитните групи во постоечките градинки и се на листата на чекање.

Имајќи го предвид ова, неколкукратно преоптоварените капацитети за згрижување на постојните градинки, како и значењето од вклученоста во предучилишниот воспитно-образовен процес, целосните потреби би се задоволиле со три детски градинки во градот и поголемите населени места.

Затоа е неопходно итно решавање на овој проблем и потреба за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст во Општина Струга. Покрај изградбата на нови градинки, ќе бидат разгледани и можностите за адаптација на други објекти кои ги задоволуваат стандардите пропишани со законите на Р Македонија.

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА

Во основните и средните училишта ќе се реализира превентивна програма за спречување на насилството кај младите. Ваквите проекти, преку вклученоста на сите, од училишниот персонал, наставниците, учениците, родителите и другите членови на заедницата, ќе помогнат да се стави крај на кругот на насилството и да се превенираат ваквите појави.

## 3. РАЗВИВАЊЕ НА СОВЕТУВАЛИШНАТА И СОВЕТОДАВНА РАБОТА

Нашата заложба ќе биде воведување на социјални центри за со цијализација и ре-социјализација на стари, инвалиди, деца со воспитно-социјални проблеми и со нарушено општествено поведение во кои акцент се става на корисно, продуктивно ангажирање во спортски, културни, рекреативни настани, развивање на вештини и потенцијали кај корисниците, поттикнување на активен живот преку вклучување во животот во заедницата.

Планираме отворање на советувалишта за заштита на ранливите групи во општина Струга, и тоа:

- Советувалишта за родители и деца, деца во ризик
- Советувалишта за работа со жртви на семејно насилство
- Советувалишта за превенција од дрога кај млади лица
- Советувалишта за работа со насилници заради прекинување на кругот на насилство

## 4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФОРМАТА 'ДНЕВНО И ПРИВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ'

- Спроведување на детална и длабинска анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво преку идентификација на ризични групи население; расположливи просторни капацитети; потенцијалите на локалните организации и институции; можните облици на финансирање и предлози за воспоставување на мрежа на локални центри за дневно и привремено згрижување врз основа на утврдените потреби.
- Спроведување на евалуација на состојбите во постоечките центри во однос на просторни и човечки капацитети, организација на работата, искористеност на центрите, проблеми и потреби, стручна работа со корисниците, ефектите од работењето заради предлагање решенија за подобрување на нивното функционирање.
- Отворање на Дневен центар за лица кои употребуваат дрога и други психотропни супстанции, поради зголемениот број на корисници кои претходно ги користеа услугите на Дневниот центар во Охрид, но истиот е затворен.

## 5. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Целта на овој проект е децата со посебни потреби да бидат инклузивно вклучени во редовните воспитните групи во градинката „8 Март" – Струга.

Децата уште од мали да се вклучат заедно со нивните врсници и да бидат прифатени од другите, на нив да се гледа како и на сите други затоа што и тие имаат право да растат како сите деца.

### 6. РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА РУРАЛНИТЕ АМБУЛАНТИ

Во соработка со Министерството за здравство ќе се направи реконструкција и адаптација на амбулантите во руралните средини. Тие се во лоша состојба, па со соодветна модернизација повторно ќе бидат ставени во функција на задоволување на потребите на населението.

Доколку е возможно, исто така ќе се отворат аптеки со цел граѓаните да не мора да доаѓаат во градот за купување на основните лекови од примарна заштита.

# XI. ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

### 1. ОДРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ/ ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИЈА ЗА ГРАДЕЖЕН ШУТ

Со интензивирање на градењето на територијата на Општина Струга, одлагањето на градежниот шут стана навистина голем проблем, бидејќи истиот се одлага насекаде, од локации со плодни површини до, шуми, покрај реки итн. Голем дел од дивите депонии во Општината во суштина се со градежен шут. Оттука, нужно се наметнува и одредување локација и изградба на депонија наменета за одлагање на градежен шут, во согласност со законски предвидените услови и пропишани стандарди.

### 2. ВОВЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТАТА

Иако целодневната настава е законски предвидена како можност, за жал, во Општината истата не се реализира, иако има потреба и барање од родителите. Општината во соработка со училиштата ќе мора да ги обезбеди сите предуслови за реализирање на наставата, што ќе биде значително олеснување на младите брачни двојки кои немаат друга можност за згрижување на учениците во периодот додека се на работа.

ВМРО-ДПМНЕ